РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09 - 5306/

17 -09- 2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 38-та седница, трето продолжение, одржана на ден 14.09. 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5306/1 од 21.11.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-5306/1 од 21.11.2019 година.

Предметот со број 09-5306/1 од 21.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5306/1 од 21.11.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава во електронска форма до Државната комисија за спречување на корупцијата, против лицето __________ член на Совет на општина _________.

Во пријавата е наведено дека лицето _________ е избран и именуван како член на совет на општина ______ но истовремено ја извршува и функцијата директор, односно раководител на Фондот за здравство и пензиско осигурување во Подрачната служба _______.

На седницата одржана на ден 14.09. 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија одлучи дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај, бидејќи не е утврдена повреда на 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено раководител на Подрачната служба на Фондот за здравство и пензиско осигурување не е функција туку е работното место согласно Законот за административни службеници и Законот за здравственото осигурување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
**Изработил:** Бесник Џемаиљи, советник
**Одобрил:** м-р Владимир Георгиев -член